Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

## З А П И С Н И К
## од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 март 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:23 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Оливера Нечовска, претставник од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

Од седницата отсуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, Мила Царовска, министер за образование и наука и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*
*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал

2. Предлог-одлука за максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзница на Република Северна Македонија

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*
*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија да ја преземе функцијата на агент за процесни услуги во име на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија по добивање на писмото за назначување на процесен агент, потпишано од министерот за финансии, да ја потпише Потврдата со која ја презема функцијата на процесен агент.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзници на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18.35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**